# ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ„
# општина Кисела Вода

**e-mail:partenijazografskikv@gmail.com**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на училиштето за првото полугодие во учебната

# 2020/2021 година

Јануари, 2021 година

## СОДРЖИНА

ЗА ИЗВЕШТАЈОТ ........................................................................ 1
Табела 1 ........................................................................ 2
Преглед на број на ученици по паралелки и пол во првото полугодие од учебната 2020/2021 год. ........................................................................ 2
Табела 2 Преглед на број на ученици според изјаснувањето за етничка припадност ........................................................................ 4
Стручна педагошко-кадровска екипираност на училиштето ........................ 5
ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ ........................................................................ 5
Организацијата на Црвениот ........................................................................ 7
Ученички парламент ........................................................................ 9
ИЗВЕШТАЈ од заедничките онлајн работилници Скопје со партнер училиштето Фаик Коница-од с.Дебреше, Гостивар ................................ 10
Грижа за здравјето на учениците ........................................................ 13
Извештај од работата на стручните соработници во првото полугодие во учебната 2020/21 година ........................................................ 13
ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ........................................................ 14
Табела 4 ........................................................................ 15
ПРЕГЛЕД ........................................................................ 15
на изостаноци на учениците во првото полугодие во учебната ............ 15
2020/2021 година ........................................................................ 15
Табела 5 ........................................................................ 16
ПРЕГЛЕД ........................................................................ 16
на поведението на учениците во првото полугодие во учебната ............ 16
2020/2021 година ........................................................................ 16
Заклучни согледувања и предлог-мерки за подобрување на состојбите 17
и унапредување на дејноста ........................................................ 17
Табела 6 ........................................................................ 18
Табеларен статистички преглед ........................................................ 18
на општиот успех на учениците во првото полугодие ............................ 18
од учебната 2020/2021 година ........................................................ 18
Табела 7 Успех на учениците по пол и етничка припадност .................. 19
Споредбени анализи ........................................................................ 21
***Успехот на учениците од VII до IX одделение на крајот на првото полугодие*** ........................................................................ 21
***од учебната 2020/2021 година*** ........................................................ 21

ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Полугодишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2020/2021 год. е изработен врз основа на:

- Годишната програма за работата на училиштето за учебната 2020/2021 година
- Развојната програма за работа на училиштето за 2019/2023 година
- Наставниот план за деветгодишно основно образование за учебната 2020/2021 година
- Педагошка евиденција и документација
- Статистички прегледи по паралелки

Целта на овој извештај е да ја прикаже севкупната состојба и работата на училиштето во периодот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година во однос на тоа што е планирано и постигнатите резултати во воспитно-образовната работа, како и предлози за понатамошни активности за подобрување на состојбата во училиштето.

## *УСЛОВИ ВО КОИ РАБОТИ УЧИЛИШТЕТО*

ООУ „ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ“ се наоѓа на ул „ Доситеј Обрадовиќ бр. 18“, општина Кисела Вода, Скопје, Република Северна Македонија.

Воспитно-образовната работа во оваа учебна 2020/21 година училиштето ја започна и ја реализираше согласно Протоколот за постапување на основните училишта во РС Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес на учениците со физичко присуство и Планот за одржување на наставата во основните училишта во учебната 2020/21 година поради пандемијата со Covid 19.

Согласно Планот за одржување на наставата, со учениците од I до III одделение наставата се одвиваше со физичко присуство, додека пак со учениците од IV до IX одделение наставата се реализираше на далечина, односно преку платформата Teams.

Учениците од I до III одделение ја следеа наставата во училиште со физичко присуство, почитувајќи ги препорачаните мерки на заштита, во групи од најмногу 13 ученици според просторните капацитети на училниците, со обезбедено физичко растојание од 1,5 метар помеѓу учениците како и помеѓу наставникот и учениците.

Според препораките добиени од надлежните министерства, училиштето ги презема сите мерки за заштита од вирусот што подразбира диспанзери за дезинфекција на раце во секоја училница каде учениците ја следат наставата, на влезовите во училиштето и административните простории, како и поставување на диспанзери со течен сапун и брисачи за раце во тоалетите и наставничката канцеларија, редовно проветрување и дезинфекција на целокупниот училишен простор.

Во учебната 2020/2021 година училиштето и во овие услови на пандемија се труди да ја насочува воспитно-образовната дејност кон подобрување на постигањата на учениците, кон хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците во согласност со нивните способности, развивање самодоверба и свест кај ученикот за сопствената индивидуалност и одговорност за своите постапки, усвојување на нови знаења и умеења за природата, општеството и оспособување за нивна примена во животот и понатамошното образование.

Училиштето според своите финансиски можности набавува се што е неопходно за изведување на квалитетна настава подеднакво за учениците кои ја следат наставата со физичко присуство и за оние кои ја следат на далечина. Во првото полугодие, за потребата од квалитетна он лајн настава, училиштето опреми четири училници со нови десктоп компјутери.

Исто така, училиштети има голема поддршка и од Советот на родители кој во првото полугодие донираше компјутерска опрема за училиштето.

Во грејната сезона училиштето се затоплува со сопствено централно парно греење.

Табела 1

Преглед на број на ученици по паралелки и пол во првото полугодие од учебната 2020/2021 год.

| Одделение | Број на ученици | | |
|---|---|---|---|
| | Машки | Женски | Вкупно |
| I а | 12 | 14 | 26 |
| I б | 16 | 13 | 29 |
| **I** | **28** | **27** | **55** |
| II а | 12 | 12 | 24 |
| II б | 14 | 10 | 24 |
| **II** | **26** | **22** | **48** |
| III а | 14 | 11 | 25 |
| III б | 14 | 14 | 28 |
| **III** | **28** | **25** | **53** |
| IV а | 14 | 16 | 30 |
| IV б | 15 | 14 | 29 |
| **IV** | **29** | **30** | **59** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V а | 13 | 17 | 30 |
| V б | 17 | 15 | 32 |
| **V** | **30** | **32** | **62** |
| **I-V** | **141** | **136** | **277** |
| VI а | 8 | 16 | 24 |
| VI б | 8 | 17 | 25 |
| VI | 16 | 33 | 49 |
| VII а | 12 | 12 | 24 |
| VII б | 9 | 12 | 21 |
| VII в | 7 | 14 | 21 |
| VII | 28 | 38 | 66 |
| VIII а | 9 | 12 | 21 |
| VIII б | 8 | 13 | 21 |
| VIII в | 4 | 7 | 11 |
| VIII | 21 | 32 | 53 |
| IX а | 10 | 16 | 26 |
| IX б | 13 | 9 | 22 |
| IX в | 11 | 6 | 17 |
| IX | 34 | 31 | 65 |
| **VI-IX одд.** | **99** | **134** | **233** |
| **I-IX одд.** | **240** | **270** | **510** |

Табела 2
Преглед на број на ученици според изјаснувањето за етничка припадност

| Одд. | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонц | | Албанци | | Власи | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **I** | 2 | 55 | 28 | 27 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **II** | 2 | 48 | 26 | 22 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **III** | 2 | 53 | 28 | 25 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IV** | 2 | 59 | 29 | 30 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **V** | 2 | 62 | 30 | 32 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ***I - V*** | ***10*** | ***277*** | **141** | **136** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| **VI** | 2 | 49 | 16 | 33 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VII** | 3 | 66 | 28 | 38 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **VIII** | 3 | 53 | 21 | 32 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **IX** | 3 | 65 | 34 | 31 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| ***VI - IX*** | ***11*** | ***233*** | **99** | **134** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** |
| ***I - IX*** | ***21*** | ***510*** | ***240*** | ***270*** | ***/*** | ***/*** | ***1*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***/*** | ***1*** |

- ***Во одделенска настава учениците се распределени во <u>десет</u>* паралелки** (Ia, I б, II а, II б, III а, III б, IV а, IV б, V а, и V б одделение)

Учениците од I до III одд. следеа настава со физичко присиство и ученици кои следеа on line настава по барање на родителот.
Учениците од IV и V одделение следеа настава на далечина.

- ***Во предметна настава учениците се распределени во*** **<u>единаесет</u> паралелки од VI до IX одделение** (VI a,VI б, VII a, VII б, VII в, VIII а ,VIII б, VIII в, IXа, IXб и IX в одделение)

- **На почетокот на учебната 2020/2021 година во нашето училиште**

**-се запишаа:**
**9 нови ученици** - 8 женски и 1 машко,
**-се отпишаа:**
**7 ученици –** 4 машки и 3 женски
Причините за отпишување на учениците се поради промена на местото на живеење.

## Стручна педагошко-кадровска екипираност на училиштето

Воспитно-образовната дејност во училиштето ја организираат и реализираат директорот, стручните соработници и целокупниот наставен кадар и тоа:

**Табела 3**

| ***Реден број*** | ***Работно место*** | ***Вкупно*** |
|---|---|---|
| 1 | Директор | 1 |
| 2 | Стручни соработници – педагог/психолог | 2 |
| 3 | Наставници одделенска настава | 20 |
| 4 | Наставници предметна настава | 22 |
| 5 | Административно-технички персонал | 9 |
| 6 | **ВКУПНО** | 54 |

Од вкупниот број на наставници во предметна настава, четири наставници од други училишта надополнуваат часови во нашето училиште.

## ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА ДЕЈНОСТ

**Воспитно-образовната работа во училиштето се реализира преку овие структурални подрачја:**

- **Настава –** по задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава;
- **Вoннаставни активности:** ученички парламент, ученички натпревари, општествено корисна и хуманитарна работа, училишни проекти, ученички екскурзии;
- **Слободни ученички активности;**
- **Грижа за здравјето на учениците;**
- **Соработка со локалната средина;**

- **Следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа;**
- **Планирање на воспитно-образовната работа;**
- **Стручно и педагошко усовршување на наставниците и стручните соработници.**

## I. <u>Настава – видови настава</u>

Наставата целосно се организира и реализира според наставниот план за основно образование (деветгодишно образование) и согласно скратените наставни програми од БРО поради пандемијата со Covid 19.

### 1. Задолжителна настава

за сите ученици од I- IX одделение и по сите наставни предмети предвидени со Наставниот план и скратените наставни програми за основни училишта.

- **Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето**.

Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија наставни програми по соодветните наставни предмети: задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности, образование за животни вештини и активности наведени во одделенскиот дневник на паралелката.

При изготвувањето на наставните програми се почитувани скратените наставни програми донесени од БРО и одобрени од Министерството за образование и наука.

Споменатите наставни програми се подготвени во два примероци, еден за наставникот и еден за педагошката архива на училиштето. При концепирањето на наставните програми се почитувани сите едукативни придобивки на наставниците стекнати при одржување на работилници во рамките на досегашните активности на стручните активи.

Директорот и стручните соработници преку своите програми за работа ги планираа и во овој период реализираа активности за педагошко-инструктивно следење и усовршување на активностите во планирање и реализација на наставата.

### 2. Изборна настава

Изборна настава се организира по оние предмети кои учениците ќе ги изберат.

При крај на минатата учебна година, училиштето ги запозна учениците и нивните родители со изборните предмети понудени од Бирото за развој на образованието, преку презентација, разговор и спроведена анкета.

Изборот на предметите од изборната настава го извршија учениците со нивните родители. Во оваа учебна година се изучуваат следните изборни предмети:

- IV одд.- Творештво (1 час неделно);
-V одд. - Творештво (1 час неделно);

-VI одд. - Класична култура на европска цивилизација (2 часа неделно);
-VII одд.- Вештини на живеење (2 часа неделно);
-VIII одд.- Проекти од информатиката (2 часа неделно);
- IX одд.- Програмирање (2 часа неделно);

- **Согледување за реализација на додатна, дополнителна и воннаставните активности**

**3.Дополнителна настава -** потребата од организирање на ваков вид на настава се организираше за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати.

Овој вид на настава се организира во текот на целата учебна година, по редовната настава, според однапред утврден распоред на часови.

**4. Додатна настава** се организира за ученици кои во текот на наставниот процес и низ други форми на воспитно-образовна работа покажуваат зголемен интерес кон одредени наставни предмети, најчесто се реализира по редовната настава, според однапред утврден распоред на часови.

Од работата на додатната настава произлегува и учеството на талентираните ученици на разни натпревари во општината, градот и републиката со што училиштето на крајот на секоја наставна година е побогато со нови признанија, пофалници, златни, сребрени и бронзени медали.

**5. Воннаставни активности-** оваа учебна година поради пандемијата дел од воннаставните активности се реализираа онлајн како работилници во рамки на проектот МИО. Денот на училиштето беше прганизиран скромно, во училишниот двор со мал број на учесници. Исто така продолжија и активности со Црвениот крст во вид на донации.

Организацијата на Црвениот крст

И З В Е Ш Т А Ј

Од спроведената акција за “ Денот на гладта ”

По повод Денот на гладта 16 октомври и Недела на борба против гладта (16-22 октомври), под мотото „ПОМИСЛЕТЕ И НА НАС” Црвен крст – Кисела Вода во соработка со ООУ “ Партенија Зографски ” - спроведе кампања за помош на најсиромашните наши сограѓани.




Светскиот ден на храната – 16 октромври, е ден на акција посветен на справување со гладта. Целта е да се подигне свеста на луѓето за проблемот со гладта, како  и за достигнувањата на милиони луѓе кои веќе го надминале проблемот со гладта и ги задоволуваат основните потреби. Светскиот ден има за цел да ги инспирира луѓето во развиените и земјите во развој да ја покажат својата солидарност и да дадат поддршка за да овозможат уште многу луѓе да го надминат проблемот со гладта и сиромаштијата и да станат независни. Фокусот на денот е дека храната е основно човечко право. Организацијата за храна и агрикултура при Обидинетите нации проценува дека во светот повеќе од 820 милиони луѓе живеат со хроничен глад, 60% жени и речиси пет милиони деца под петгодишна возраст умираат поради хронична ненахранетост.
Сето ова е причина повеќе, барем повремено да помислиме и да направиме нешто за оние на кои им треба подадена рака за будење на надеж  дека не се сами, дека некој мисли на нив. Барем за миг да ја вратиме насмевката на нивните тажни лица.
Со поддршка кон кампањата традиционално се вклучи и ООУ “ Партенија Зографски ” – Кисела Вода. Акцијата беше прифатена и поддржана од страна на сите  одделенски раководители и истата спроведена по строги протоколи поради заштита од COVID19.
Од средствата донирани во акцијата ќе се изготват пакети со храна кои ќе бидат дистрибуирани на социјално ранливо население.






По завршувањето на акцијата и сумирањето на резултатите ООЦК – Кисела Вода изготви извештај преку кој ООУ “ Партенија Зографски ” беше пофалено за спроведена најдобра акција на ниво на Општина Кисела вода и во прилог испрати извештај и благодарница.




Ученички парламент

Поради подоцнежното започнување на учебната година, Ученичкиот парламент за оваа учебна година беше конституиран во месец ноември. По изборот на претседатели на паралелките, на 30.10.2020г. беше одржан состанок со цел информирање и запознавање на учениците со правилата за избор на претседател и негови помошници, надлежностите, обврските и одговорностите на истите и сл..

Состанокот се одржа со физичко присуство во училишниот двор, со придржување до препорачаните мерки за заштита. Веќе на следниот состанок, на 11.11.2020 г., тројца пријавени ученици кои доставија пријави за претседател на УП, се презентираа себе си и својата визија за

училиштето и по пат на тајно гласање, за претседател на Ученичкиот парламент беше избрана Стефи Ацевска од IXв одделение.

Како координатори на ниво на одделенија беа избрани учениците Луна Јовчевска, Филип Стојчевски, Иван Илиевски и Ристе Стојанов. За заменик претседател беше избран Ристе Стојанов, а за секретар Иван Илиевски. Како претстваници од учениците кои ќе учествуваат на состаноците на Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишниот одбор беа избрани ученичките Марија Гулева и Елена Георгиевска.

На состаноците свое учество земаа и директорот, стручните соработници и наставничката по граѓанско образование.

Поради актуелната состојба со пандемијата и отсутни ученици, закажаниот состанок на 30.12.2020 г. не се одржа.

Извештај од заедничките онлајн работилници со партнер училиштето Фаик Коница-од с.Дебреше, Гостивар во рамки на проектот МИО

На ден 21.12.2020 ученици од ООУ „Партенија Зографски“ заедно со своите соученици ОУ „Фаик Коница“, остварија две заеднички онлајн активности/работилници во рамките на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието, а по добиениот грант од претходната година, за кој немаше можност за реализација порано поради новонастанатата ситуација. Во работилниците беа вклучени вкупно 16 ученици и 5 наставници од двете училишта.

Во едната работилница беа вклучени ученици од 9то одд., со запазен подеднаков број на ученици по сите критериуми во однос на пол и националност и работеа на тема - Friendship brings us together – од предметот Англиски јазик. Учениците се претставија секој поединечно, се запознаа, споделија меѓусебно прашања и информации за себе. Потоа се разви дискусија за темата и добија инструкции заеднички да изработат презентација на истата.






Еден од учениците беше назначен за координатор и беше задолжен за изработка на дизајнот на презентацијата.




.








Сите пребаруваа на интернет и собираа информации на темата, а потоа ги праќаа до координаторот и учествуваа во изборот и уредувањето на слајдовите со постојана меѓусебна комуникација.
Во втората работилница беа вклучени 8 ученици од 6то одд. и истите работеа на тема- Животна средина треба да се чува- по предметот Природни науки. Според заеднички договор учениците изработуваа презентација со слајдови според договор. За време на работилницата, учениците меѓусебно се договараа за работа, се надополнуваа, непречено комуницираа насочувани од страна на наставниците

На крајот на работилниците беа изготвени и финиширани заедничките презентации и како готов производ прикачени во Microsoft Teams платформата да останат како сведок и потсетник на оваа на поинаков начин остварена, но многу пријатна дружба во оваа нова и тешка ситуација и реалност во која моментално се наоѓаме.
Дружбата помина во прекрасна атмосфера, на задоволство на сите учесници и истите се поздравија и ја завршија онлајн средбата со

позитивни импресии од заедничкото дружење и со желба за повторна средба.
Нашите училишта соработуваат од самиот почеток на Проектот за Меѓуетничка интеграција и иако двете училишта се физички оддалечени на поголема дистанца, сепак успеавме да изградиме цврсти и искрени односи на меѓусебно разбирање и доверба. Истото се должи на фатот дека двете училишта ги препознаваат вистинските морални вредности и односи кои треба да се негуваат кај сите нас, а особено кај учениците како идни градители на општеството во кое живееме.

## Грижа за здравјето на учениците

Во рамките на ова подрачје реализирани се активности за запознавање на учениците со корона вирусот, начин на пренесување и најважно, мерки за заштита од истиот. Исто така учениците се образуваа и за здрав начин на живеење, за одржување на личната хигиена, како и одржување на хигиената во училниците, заштита на здравјето преку разговори и развивање на свеста за заштита од опасностите што произлегуваат од употребата на дрога, алкохол и цигари.
Извршени се предвидените систематски прегледи и вакцинации на учениците од II одд. како и стоматолошки преглед за учениците од III одделение во ова полугодие од учебната 2020/2021 година.

## Извештај од работата на стручните соработници во првото полугодие во учебната 2020/21 година

Во првото полугодие од учебната 2020/21 година, според сопствените програми за работа, стручните соработници реализираа неколку активности, со оглед на настаната ситуација со пандемијата.
Во првото полугодие се реализираше посета на часови во паралелките од прво до трето одделение кои следат настава со физичко присуство, како и посета на часови во погорните одделенија кои следат настава на далечина. Со оглед на тоа дека се наоѓаме во едни специфични услови, стручните соработници се задоволни од ангажираноста на наставниците и учениците во реализација на наставата и адаптираноста на новиот начин на учење.
Исто така, со учениците од шесто одделение се реализираа работилници во кои се дискутираше за важноста на менталното здравје, како и совети за превенција и заштита на истото во услови на пандемија.
Во неколку наврати, преку платформата Teams, се одвиваа и индивидуални разговори со ученици на кои им беше потребна помош во некоја област, а со кои соработката ќе продолжи и во второто полугодие.
Се реализираше и советување на родител чие дете нередовно подигнуваше печатени материјали и нередовно доставуваше домашни задачи.
На родителите им беше испратена брошура за заштита на менталното здравје во услови на пандемија, со насоки и совети за полесно надминување на новонастанатата ситуација со вирусот

Во ова полугодие целокупниот наставен и стручен кадар посвети особено внимание на усовршување на информатичките знаења и способности, со цел, квалитетна реализација на наставата на далечина во едни вакви специфични услови. Наставниците активно ги следат сите организирани вебинари од страна на БРО во насока на подобрување на личните капацитети како и во подобрување на целокупниот воспитно-образовен процес.

## ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во периодот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година посебно внимание се обрна на приспособување и социјализација на учениците од прво одделение. Сите потешкотиии си кои се соочивме се надминуваа во соработка од страна на одделенските раководители со директорот, стручната служба и родителите на учениците.

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година континуирано се врши интерно оценување на постигањата на учениците со анализи по класификациони периоди.

Постигањата на учениците на крајот на првото полугодие од оваа учебна година се оценуваат описно од I до VI одделение и бројчано од VII-IX одделение.

Со оглед на новонастанатата состојба со Covid 19 согласно Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во период на реализација на наставата преку учење од далечина оценувањето се вршеше on line со учениците од IV до IX одделение. Наставниците кои немаа доволно елементи за формирање на сумативна оценка ги повикуваа учениците на индивидуална средба во училиштето.

Оценувањето се врши индивидуално и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши со примена на техники и инструменти соодветни за начинот на реализација на наставата (усно и писмено проверување, тестови, писмени работи, контролни задачи, есеи, проекти, изведбени активности, набљудување и др.) при што се прибираат податоци, а потоа истите се обработуваат и евидентираат. Оценувањето на постигањата на учениците се врши според утврдени критериуми и стандарди согласно реализација на наставата на далечина.

Одделенскиот раководител ги информира родителите за постигањата на учениците најмалку два пати во текот на првото полугодие.

На родителските средби родителите ќе бидат известени за постигањата на учениците и нивното поведение преку евидентни листови за првото полугодие од учебната 2020/2021 година.

***Споредба на средниот успех на полугодие последните три учебни години***

| ***Среден успех - полугодие*** **2020/2021** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/21** |
|---|---|---|---|
| Одделенска настава | 4.79 | 4,8 | описно |
| Предметна настава | 4.28 | 4,38 | 4,52 |
| **На ниво на училиште** | **4.53** | **4,59** | **4,52** |

Успехот е задоволителен, сите ученици се со позитивен општ успех и средниот успех спореден со минатите три учебни години во истиот период има слични параметри.
Учениците кои покажаа послаб успех уште на првото тримесечие од оваа учебна година беа вклучени на часовите по дополнителна настава каде им се обрна посебно внимание со индивидуален пристап и диференцирани задачи од страна на наставниците, со цел да ги надополнат знаењата и да можат успешно да ги совладуваат наставните содржини по сите наставни предмети.
Редовноста на учениците е на задоволително ниво.

Учениците од IV одделение во нашето училиште се вклучени во меѓународното тестирање PIRLS 2021 година-меѓународна студија за проверка на оспособеноста на учениците од 9-10 годишна возраст за читање со разбирање.
Во рамките на тестирањето ќе има пробно тестирање во месец февруари и главно тестирање во месец мај во кое ќе учествуваат околу 150 училишта од нашата држава.

Во првото полугодие се евидентирани следниот број на изостаноци:

Табела 4

ПРЕГЛЕД
на изостаноци на учениците во првото полугодие во учебната 2020/2021 година

| **одд.**<br>**вид** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | ***I-V*** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | ***VI-IX*** | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **оправда** | 141 | 16 | 45 | 15 | 77 | ***583*** | 13 | 40 | 76 | 22 | ***151*** | ***734*** |
| **неоправ** | / | / | / | / | / | ***/*** | / | / | / | / | ***/*** | ***/*** |
| **Вк.** | 141 | 16<br>5 | 45 | 15<br>5 | 77 | ***583*** | 13 | 40 | 76 | 22 | ***151*** | ***734*** |

Табела 5

ПРЕГЛЕД
на поведението на учениците во првото полугодие во учебната 2020/2021 година

| **Одделение** | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | ***Вк.*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Примерно** | 55 | 48 | 53 | 59 | 62 | 49 | 66 | 53 | 65 | ***510*** |
| **Добро** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Незадоволително** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Сите ученици од I до IX одделение се со примерно поведение.

Одделенските раководители истакнаа и пофалија ученици за солидни постигања во наставата и вонннаставните активности во првото полугодие од учебната 2020/2021 година. Пофалбите се запишани во евидентните листови на учениците. Пофалени ученици од одделенските раководители се:

1. Андреј Димовски IV а
2. Михаил Трајков IV а
3. Матеа Талевска IV а
4. Марко Шулески IV а
5. Марија Иванова IV а
6. Стела Миланова IV а
7. Ана Арсова   IV а
8. Ирина Давидовска VI а
9. Леа Зајков    VI а
10. Мила Ристоска VI а
11. Марија Тренкоска VI а
12. Миа Спировска VI б
13. Дејана Илиевска VI б
14. Ева Овнарска VI б
15. Мартин Мишалески VI б
16. Иван Пеневски VIIа
17. Јана Младеновска VIIа
18. Ања Стојчевска VIIб
19. Филип Стојчевски VIIб
20. Ива Алексоска VIIв
21. Лила Игњатова VIIв
22. Марија Ѓорѓиовска IXа
23. Галина Исајловска IXа
24. Драган Јанкоски IXа
25. Тамара Лазаровска IXа
26. Ивана Станкова IXа
27. Ристе Стојанов IXа
28. Искра Златановска IX б
29. Максим Ѓеоргиев IX б
30. Јана Петрушевска IX б

31. Марко Симеонов IX б
32. Искра Давидовска IX б
33. Андреј Јаневски IX в
34. Стефи Ацевска IX в

## Заклучни согледувања и предлог-мерки за подобрување на состојбата и унапредување на дејноста

Од предходно изнесеното може да се констатира дека програмските содржини, задачи и активности планирани за првото полугодие од оваа учебна година, реализирани се од сите субјекти – носители на воспитно-образовната работа во училиштето.

Првото полугодие од учебната 2020/2021 година, согласно Планот и Протоколот за работа на основните училишта во сите сегменти од училишниот живот помина со ограничен капацитет на активности, токму поради пандемијата. Секако, истите ќе бидат поттик и мотивација во второто полугодие со заеднички труд и уште поголема ангажираност на наставниот и стручниот кадар, учениците да постигнат уште повисоки резултати во целокупниот воспитно-образовниот процес.

Како предлог-мерки што треба да ги превземеме за подобрување на состојбите и за унапредување на дејноста се:

- Поинтензивна индивидуална работа со ученици со потешкотии во учењето;
- Ангажирање на наставниците во примена на современи форми и методи на работа кои ќе ја потикнуваат истражувачката и креативната способност кај учениците како и совладување на алатки за квалитетно реализирање на наставата на далечина.
- Професионален развој на наставниците преку следење на вебинари, онлајн обуки, стручни предавања и сл.

Табела 6

## Табеларен статистички преглед
## на општиот успех на учениците во првото полугодие
## од учебната 2020/2021 година

| | вкупно | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | | | 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | сред. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученици | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | ВКУПНО | | со 1сл | | со 2сл | | со повеќе | | | | |
| ОДД | се | ж | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | неоц | опис | |
| I | 55 | 27 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 55 | |
| II | 48 | 22 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 48 | |
| III | 53 | 25 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 53 | |
| IV | 59 | 30 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 59 | |
| V | 62 | 32 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 62 | |
| **I-V** | **277** | **136** | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | **277** | |
| VI | 49 | 33 | Описно оценети | | | | | | | | | | | | | | | | | 49 | |
| VII | 66 | 38 | 52 | 78.78% | 14 | 21,21% | | | / | / | | 100% | | | | | | | | 66 | 4.48 |
| VIII | 53 | 32 | 36 | 67,93% | 16 | 30,19% | 1 | 1,88% | / | / | | 100% | | | | | | | | 53 | 4.52 |
| IX | 65 | 31 | 41 | 63,08% | 21 | 32,31% | 3 | 4,62% | / | / | | 100% | | | | | | | | 65 | 4.55 |
| **VII-IX** | **184** | **101** | **129** | **70,11%** | **51** | **27,72%** | **4** | **2,17%** | **/** | **/** | | 100% | | | | | | | | **184** | **4.52** |

Табела 7  Успех на учениците по пол и етничка припадност

| Одд | Успех на | Македонци | | | Роми | | | Власи | | | Албанци | | | Турци | | | Други | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Се | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | Се |
| VII | Одличн | 21 | 31 | 52 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 21 | 31 | 52 |
| | Мн. | 9 | 5 | 14 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 9 | 5 | 14 |
| | Добри | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Доволн | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Со 1 или 2 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Со 3 и повеќе | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Неоцен ети | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| Одд. | Успех на ученици | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Албанци | | | Турци | | | Други | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | М | Ж | Се | М | Ж | Се | М | Ж | Се | М | Ж | Се | М | Ж | Се | М | Ж | Се | М | Ж | Се |
| VIII | Одлични | 10 | 26 | 36 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 10 | 26 | 36 |
| | Мн. | 12 | 4 | 16 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 12 | 4 | 16 |
| | Добри | / | 1 | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 1 |
| | Доволн | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Со една | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Со три слаби | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Неоцен ети | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Одд | Успех на | Македонци | | | Роми | | | Власи | | | Хрвати | | | Срби | | | Други | | | Вкупно | | |
| | | М | Ж | Се | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | Се | М | Ж | С | М | Ж | С | М | Ж | Се |
| IX | Одличн | 18 | 23 | 41 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 18 | 23 | 41 |
| | Мн. | 13 | 8 | 21 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 13 | 8 | 21 |
| | Добри | 1 | 2 | 3 | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | 3 |
| | Доволн | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Со една | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| | Неоцен | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |

Споредбени анализи

***<u>Успехот на учениците од VII до IX одделение на крајот на првото полугодие од учебната 2020/2021 година</u>***



***Споредбена анализа на постигнатиот успех на учениците во првото полугодие во последните три години од IV до IX одделение***




| | Неоценети | доволни | добри | многу добри | одлични |
|---|---|---|---|---|---|
| 2018/2019 | 0 | 0 | 24 | 82 | 231 |
| 2019/2020 | 0 | 0 | 24 | 68 | 128 |
| 2020/2021 | 0 | 0 | 4 | 51 | 129 |




| ***Среден успех - полугодие*** | **2018/2019** | **2019/2020** | **2020/2021** |
|---|---|---|---|
| Одделенска настава | 4.79 | 4,8 | описно |
| Предметна настава | 4.28 | 4,38 | 4,52 |
| **На ниво на училиште** | **4.53** | **4,59** | **4,52** |

***<u>Споредбена анализа  на изостаноци во последните три години:</u>***

| Изостаноци | 2018/2019 | | 2019/2020 | | 2020/21 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | оправдани | неоправдани | оправдани | неоправдани | оправдани | неоправдани |
| | 2791 | 9 | 3673 | 13 | 734 | / |




**Учесници во изработка на извештајот:**
Марина Георгиевска-Крстевски - училишен педагог
Јасмина Дечков-училишен психолог

**Директор**

Мартин Мартиновски